# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## Гласен Текстилец - Штип

2019

МАЈ 2020 ШТИП

# Содржина

Содржина ........................................................................................................ 1

Мисија  на Гласен Текстилец.............................................................................. 3

Визија на Гласен Текстилец .............................................................................. 3

1. Проект: СОЗДАДИ МРЕЖА НА ЗНАЕЊЕ – ПРЕПОЗНАЈ И ПРИЈАВИ ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВА. ....................................................................... 4

Активности ....................................................................................................... 4

Подготовка на анкетни прашалници за формите на модерното ропство и неговата застапеност во текстилната, кожарската и чевларската индустрија ........................................................................................................ 4

Спроведување на анкетниот прашалник преку телефонски јавувања, домашни посети низ неколку градови и села, како и преку онлајн прашалник ........................................................................................................ 4

Сумирање и анализа  и промовирање на резултатите од анкетата ............ 4

Интервјуа со претставници на јавни институции, работници и граѓански активнисти ..................................................................................................... 5

Едукативни сесии во средните училишта, прашалници за студентите и работилници со текстилни работници во Св.Николе и Кочани ...................... 5

Сумирање и анализа на резултатите од активност 5 .................................... 5

Подготовка на билтен ..................................................................................... 5

Промоција на билтенот .................................................................................. 6

Тркалезна маса на идејни решенија............................................................... 6

2. Проект: ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА............ 7

Активности ....................................................................................................... 7

Работилница за 8 март, филмска проекција во канцеларија на Гласен Текстилец .......................................................................................................... 7

Едукација со млади/седношколци .................................................................... 7

Состаноци за давање на правна помош ........................................................... 7

Работилница за конечен стратешки план и акционен план............................ 8

Настан Текстилијада 3 – 2019 година ................................................................ 8

Работилница за лобирање и застапување ....................................................... 9

Организирање на протест .................................................................................. 9

Проекција на видео 1+1, филм за Гласен Текстилец  и Текстилијада 3........ 9

3. Проект: ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА ДО ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ И МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО. ........ 11

Ативности.......................................................................................................... 11

Промотивни материјали ................................................................................. 11

Инфографици .................................................................................................. 11

Дводневна работилница со текстилни работнички на тема родова еднаквост.................................................................................................................. 11

Дводневна работилница за средношколци на тема родова еднаковст....... 12

Врснички едукации на тема родова еднаквост............................................... 12

Фото инсталација на тема родова еднаквост и насилство ............................ 12

Завршен настан за проектот ............................................................................ 12

4. Проект: ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН........................ 13

Активности ........................................................................................................ 14

Промотивни материјали ................................................................................... 14

Теренско, онлајн  и телефонско истражување ............................................... 14

Мониторинг на судски случаи и студија на случај .......................................... 14

**Гласен Текстилец - Штип**
**Ул Сутјеска 59**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.wordpress.com**

## Мисија  на Гласен Текстилец

Граѓани работници во текстилната, кожарската и чевларската индустрија со висока свест, едуцирани, информирани ги уживаат своите права.

## Визија на Гласен Текстилец

Да биде водечка организација за остварување на правата на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија.

## Уредници

Кристина Ампева

Благојче Дишоски

Ивана Грозданова

Дијана Ристовска

## Дизајн

Благојче Дишоски



## 1. Проект: СОЗДАДИ МРЕЖА НА ЗНАЕЊЕ – ПРЕПОЗНАЈ И ПРИЈАВИ ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВА.

Финансиски поддржан од: **Делегација на Европската Унија.**

Суб-грантиран од: **Ла Страда – Отворена порта.**

Период: **1 јануари 2019 до 31 јули 2019 година.**

Линк за следење на медија и останати материјали: [1]

**Активности:**

**Подготовка на анкетни прашалници за формите на модерното ропство и неговата застапеност во текстилната, кожарската и чевларската индустрија:**

**За првата активност беше ангажирана Викторија Кукушев како правен експерт со долгогодишно искуство со работа на оваа тема и која е одблиску запознаена со состојбата на текстилсните работцни, која ја подготви анкетата, ги формулира прашањата.**

**Спроведување на анкетниот прашалник преку телефонски јавувања, домашни посети низ неколку градови и села, како и преку онлајн прашалник:**

**За потребите на анкетата беше мобилизирано целото членство на Гласен Текстилец. Анкетата беше пуштена онлајн и вкупниот број на собрани валидни анкетни прашалници, вклучително теренската работа и телефонските јавувања износуваше 870.**

**Сумирање и анализа и промовирање на резултатите од анкетата:**

**Во третата активност се подготови Извештајот за резулатите од спроведниот Анкетен прашалник за формите на модерно ропство во текстилната, кожарската и чевларската индустрија, кои беа сумирани и презентирани на нашата веб страна.**

---

[1] https://glasentekstilec.wordpress.com/2019/02/11/%d1%81%d0%be%d0%b7%d0%b4%d0%b0%d0%b4%d0%b8-%d0%bc%d1%80%d0%b5%d0%b6%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%bd%d0%b0%d0%b5%d1%9a%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%bf%d0%be%d0%b7%d0%bd%d0%b0%d1%98-%d0%b8-%d0%bf%d1%80/

**Интервјуа со претставници на јавни институции, работници и граѓански активнисти:**

**Се реализираа шест интервјуа со лица кои на било кој начин се поврзани со проблематиката која ја опфаќа овој проект. Воедно во четвртата активност беа напишани и 5 колумни од страна на текстилни работнички каде самите тие говорат за деновите поминати на машината и каква иднина ги чека нив и нивните деца во една ваква состојба. Интервјуата и колумните се објавени на веб страницата на Гласен Текстилец и во билтенот.**

**Едукативни сесии во средните училишта, прашалници за студентите и работилници со текстилни работници во Св.Николе и Кочани:**

**Едукативни сесии во средните училишта во Кочани и Св.Николе се спроведоа под насловот „Правно едуцирање на младите", додека работилници под мото „Жената двигател на 21 век". Во Св.Николе со едукативните сесии беа опфатени 35 ученици, во Кочани беа опфатени 32 ученици и целта на овие работилници беше зголемување на познавањата на младите за своите работнички права и нивна подготвка за склучување на договор за работа и понатмошни насочувања. Работилницата во Св.Николе на 04 Мај опфати 20жени, додека во Кочани на 25 Мај опфати 21жена, на овие работилници одблиску се запознавме со проблемите на жените кои не можевме да ги опфатиме во анкетните прашалници, како и запознавање со поединечни случаеви на прекршување.**

**Сумирање и анализа на резултатите од активност 5:**

**Се подготви Извештајот за спроведени прашалници во средните училишта во Св. Николе и Кочани.**

**Подготовка на билтен:**

**Седмата активност се состоеше од сумирање на добиените материјали од активност 3 и 4 и подготовка на билтенкој претставува финален документ на позначајните резултати од целиот проект.**

**Гласен Текстилец - Штип**
**Ул Сутјеска 59**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.wordpress.com**

## Промоција на билтенот:

**Билтенот како осма активност беше поделен низ градовите Св.Николе, Штип и Кочани од страна на 8 промотери. Делењето се одвиваше на 15(Штип), 22(Св.Николе) и 24 Мај(Кочани) и се поделија 650 примероци со цел граѓаните и пред се работниците да се запознаат со резултатите од анкетниот прашалник.**

## Тркалезна маса на идејни решенија:

**На 24.06.2019 година Гласен Текстилец организираше тркалезна маса со наслов „Тркалезна маса за идејни решенија" во Штип. Овој настан беше проследен и од неколку медиумски куќи, а на тркалезната маса освен Гласен Текстилец, правниот експерт Викторија Кукушев која го сподели искуството од овој проект, и модераторот на настанот Бранимир Јовановиќ, зедоа учество и претставници на јавни институции и здруженија.**

Прилог слики:







## 2. Проект: ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА.

Финансиски поддржан од: **Олоф Палме Интернационален Центар и Шведска Влада.**

Период: **1 јануари 2019 до 31 декември 2019.**

Линк за следење на медија и останати материјали: [2]

**Активности:**

**Работилница за 8 март, филмска проекција во канцеларија на Гласен Текстилец:**

**Беа присутни над 20 текстилни работници и останати членови. Одржани културно уметнички настани кои ја анимираа помлада публика која се запозна со функцијата и целите на Гласен Текстилец.**

**Едукација со млади/седношколци:**

**Беа опфатени околу 350 млади средношколци од општина Штип и Источниот регион за правата што им се потребни  пред да започнат со нивниот прв работен однос.**

**Состаноци за давање на правна помош:**

**На состаноците за давање правна помош беа опфатени повеќе од 100 текстилни работници од градовите од источниот регион, во канцелариите на Гласен Текстилец и канцеларијата на правниот советник. Беше одржувана постојана комуникација со текстилните работници. Континуирано работевме и одржувавме состаноци со текстилни работници со цел подобро да ги разбереме законски нивните права и да ги намалиме можните повреди. Развивме план за застапување и стратешки план за нашата организација со цел подобро претставување на текстилните работници.**

---

[2] https://glasentekstilec.wordpress.com/%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%80%d0%b0%d0%bd/

## Работилница за конечен стратешки план и акционен план:

**На работилницата беа присутни членови на Гласен Текстилец за формирање на стратешки и акционен план. Со изработката на овој стратешки план ги зајакнавме капацитетите на Гласен Текстилец и ги планиравме активностите за застапување во следните 3 години.**

## Настан Текстилијада 3 – 2019 година :

- ***Конференција***

  **На регионалната конференција одржана за време на Текстилијада 3 беа присутни министри, синдикати, претставници на институции, работници и работодавци, каде што беа презентирани позитивни примери од регионот, што и беше главната тема на оваа конференција.**

- ***Панел дискусија***

  **Преку панел дискусијата која што ја организиравме за време на Текстилијада 3 со клучните засегнати страни (Државен инспекторат за труд, Министерство за труд и социјална политика) од една страна , позитивните примери на синдикатите, текстилните работници од друга страна, веруваме дека го зголемивме и зајакнавме социјалниот дијалог на повисоко ниво.**

- ***Филмски фестивал***

  **На интернационалната филмската проекција беа присутни над 20 посетители на која беа прикажани 3 филма кои беа одбрани преку конкурсот којшто Гласен Текстилец го имаше објавено.**

- ***Акција промоција на весник Текстилец***

  **Весникот беше дистрибуиран до текстилните работници, како и за време на Текстилијадата беше поделен низ централното градско подрачје.**

- ***Работилница за синдикално здружение***

  **Беа присутни текстилни работници, претставници од институции, млади луѓе, волонтери и други лица. Како и претставници на Шведски**

**синдикати коишто ја предводеја работилницата со текстилните работнички.**

- ***Работилница за лобирање и застапување***

  **Одржана од тимот на Гласен Текстилец, како и локалната правничка од Хелсиншкиот комитет за човекови права. Оваа работилница беше наменета за параправничките и текстилните работнички.**

- ***Изработка и промоција на стрипот „СУПЕР ТЕКСТИЛКА"***

  **Стрипот „СУПЕР ТЕКСТИЛКА" е идеја на Гласен Текстилец, за неговата реализација помогна авторката Теодора Ѓорѓиева, студентка на Ликовната академија во Штип.**

- ***Уметничка инсталација – ИГЛА***

  **Иглата има за цел да го претстави текстилот како гранка на која почива градот, но исто така и гласот за потребата од подобри услови за вработените во овој сектор. Оваа уметничка инсталација е креирана во соработка со Центарот за современи уметности и тимот на урбанистички уметнички акции и академскиот скулптор Андреј Митевски и Никола Писарев, како и Општина Штип.**

- ***Поетска вечер – литературен конкурс***

  **Литературниот конкурс беше отворен за двете групи на ученици, односно за основци и средношколци. Во двете групи се доделуваа по 3 награди, со овој настан имавме за цел преку стихови да ја претставиме состојбата со текстилната индустрија и иднината во која сакаме да живееме.**

**Организирање на протест:**

**Беше организиран првиот протест на текстилните работници со над 300 работници од Штип и градовите од источниот регион. Истиот протест од страна на медиумите беше наречен историски настан.**

***Проекција на видео 1+1, филм за Гласен Текстилец и Текстилијада 3:***

**Со продукцијата на видеото за Гласен Текстилец, визуелно ја претставивме и ја доближивме нашата работа и заложба до засегнатите страни и општата јавност.**

Прилог слики

















## 3. Проект: ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА ДО ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ И МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО.

Финансиски поддржан од: **Делегација на Европската Унија.**

Суб-грантиран од: **Фондацијата Kvinna till Kvinna и Организацијата на жени на општина Свети Николе.**

Главната цел на проектот беше подигнување на свеста за значењето на концептот на родовата еднаквост преку низа на културни и едукативни активности.

Период: **1 април 2019 до 31 декември 2019.**

Линк за следење на медија и останати материјали: [3]

**Ативности:**

**Промотивни материјали:**

**Беа дизајнирани и публикувани флаер со информативна содржина и постер со активности, се со цел запознавање и активирање за учество на општата популација во нашите настани.**

**Инфографици:**

**Вкупно беа продуцирани 8 месечни инфографици на коишто беше прикажана половата структура во текстилните фабрики во Источен дел од Северна Македонија, како и најчестите прекршувања и претставки коишто беа доставени до Гласен Текстилец. Изминатата година имавме вкупно 23 претставки со отказ на бремени жени, родово дискриминирани.**

**Дводневна работилница со текстилни работнички на тема родова еднаквост:**

**Одржани вкупно 2 работилници со текстилни работнички од Источен регион и од Штип, вкупно опфативме и едуциравме 28 текстилни работничкина тема родова еднаквост и родова дискриминација на работното место.**

[3] https://glasentekstilec.wordpress.com/category/%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%ba%d1%83-%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b4%d0%be-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b1%d1%80%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d0%b0/

**Дводневна работилница за средношколци на тема родова еднаковст:**

Продуктот од оваа дводневна врсничка едукација за базичните концепти на родова еднаквост се 14 едуцирани средношколци на возраст од 14 до 18 години од средните училишта на териториите на општините Штип и Кочани. Коишто понатаму ќе го пренесуваат стекнатото знаење на нивните соученици.

**Врснички едукации на тема родова еднаквост:**

Вкупно реализирани 5 врснички едукации во средните училишта во општините Штип и Кочани од страна на едуцираните врснички едукатори и едукаторки. Со оваа активност се едуцираа околу 100 млади средношколци за теми поврзани со концептите на родовата еднаквост и насилството.

**Фото инсталација на тема родова еднаквост и насилство:**

Преку оваа изложба на фотографии во склоп на Текстилијада 3 2019 година на пошироката јавност и пренесовме порака дека насилството може да го трпи било кој и било каде и дека е пристутно насекаде околу нас, како и дека светот би бил многу поубав и поефикасен доколку е родово еднаков.

**Завршен настан за проектот:**

Во склоп на проектот беше одржан и завршен настан на којшто учество како панелисти земаа: проектниот координатор, Народниот правобранител од подрачната канцеларија во Штип и претстваничка од организацијата ЕХО. За првпат во историјата на Гласен Текстилец на овој настан беа присутни и претседателот на ССМ и претставници на ССМ, што за нас е значаен успех за понатамошна соработка и подобрување на состојбата со текстилните кожарските и чевларските работници.

Прилог слики







### 4. Проект: ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН.

Финансиски поддржан од: **Фондација Отворено општество Македонија**

Главната цел на проектот е унапредување и почитување на човековите права преку подобрување на пристапот до правда на граѓаните

Период: **1 ноември 2019 до 31 мај 2020.**

Линк за следење на медија и останати материјали: [4]

## Активности:

### Промотивни материјали:

**Беа дизајнирани и публикувани флаер со содржина за важноста од Поглавје 23, постер со цели и активности на проектот; пенкала, банер и маици.**

### Теренско, онлајн и телефонско истражување:

**Ова истражување е за задоволството на граѓаните од институциите и судовите при пристапот до правда.**

### Мониторинг на судски случаи и студија на случај:

**Посетени мониторирани судски рочишта во Основен суд Свети Николе и Основен суд Штип.**

Прилог слики





[4] https://glasentekstilec.wordpress.com/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf-%d0%b4%d0%be-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b4%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%be%d1%87%d0%bd%d0%b8%d0%be%d1%82-%d1%80%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d0%be%d0%bd/